**20220560655**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 47 став (6) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/19, 244/19, 275/19 и 110/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 март 2022 година, донесе

### УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА, КОРИСНИЦИТЕ НА СРЕДСТВАТА, МАКСИМАЛНИТЕ ИЗНОСИ И НАЧИНОТ НА ДИРЕКТНИТЕ ПЛАЌАЊА ЗА 2022 ГОДИНА

Член 1

Во Уредбата за поблиските критериуми за директните плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 28/22) во членот 4 точка 4 алинејата 1 се менува и гласи:

„- до 16 мај 2022 година во период од 1 октомври 2021 година до 31 декември 2021 година,“.

Член 2

Во Прилогот 6 во табелата во колоната „во заштитен простор во тони на хектар (освен кај кромид)“, зборовите „(млад компир)“ се заменуваат со зборовите „(млад кромид)“.

Член 3

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-1824/1
8 март 2022 година
Скопје

Претседател на Владата
наРепубликаСевернаМакедонија,
д-р **Димитар Ковачевски,** с.р.